РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 2

| Примено: | 26.08.2013 | | |
|---|---|---|---|
| Орг единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 12/86 | | |


Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 30 од Законот за основно образование (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **животни вештини** за VI одделение на деветгодишното основно образование за учениците со мултихендикеп.

**АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО МУЛТИХЕНДИКЕП**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ЖИВОТНИ ВЕШТИНИ

**ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Скопје, 2013

**Вовед**

Наставната програма по *животни вештини* има за цел да придонесе за личниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците на тој начин што го помага развојот на психосоцијалните вештини подготвувајќи ги учениците за успешно справување со предизвиците на секојдневниот живот. Психосоцијалните вештини имаат особено важна улога во промовирање на здравјето на учениците, во обезбедување на нивната физичка, ментална и социјална добросостојба. Во наставната програма се содржани следните теми (подрачја):

1. Јас - личен развој;
2. Јас и ти - Интерперсонални односи;
3. Јас и здравјето - Здраво живеење;
4. Јас и околината - Однос со надворешната средина.

Овие теми се дефинирани на различни нивоа-од ниво на препознавање, опишување, именување, набројување и споредување, до ниво на осознавање и заземање став и мислење.

Дефинираните цели на секоја тема посветена на образованието се дадени глобално и со конзистентна структура условена од возраста на учениците, нивната можност за прифаќање, разбирање и воочување на односите и личното учество во настаните во секојдневниот живот.

За да се реализираат целите и програмата за животни вештини знаењата, вештините и ставовите треба да се стекнуваат и практикуваат првенствено во секојдневниот училиштен живот, преку личните и колективните искуства на учениците, користејќи методологија ориентирана кон ученикот/ученичката како интерактивна и партиципативна единка во средината во која живее и учи.

Програмата животни вештини се реализира со 2 часа неделно, односно 72 часа годишно.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Тема 1: ЈАС - ЛИЧЕН РАЗВОЈ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржина** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да осознава дека секој човек има свои слаби и јаки страни;<br>➢ да се оспособува да ги идентификува своите потенцијали;<br>➢ да се оспособува да ги претстави своите знаења, можности и потреби;<br>➢ да се поттикнува да ги брани и да зборува за своите погледи и мисли;<br>➢ да се поттикнува да ја развива самодовербата и сигурноста во себе;<br>➢ да се поттикнува да прифаќа нови искуства;<br>➢ да се запознае со различните улоги и обврски во одделението и да знае како да побара поддршка од своите соученици и наставници;<br>➢ да се запознае со обврските во семејството и домот и да се оспособува навреме да ги извршува; | Самодоверба<br>Позитивна слика за себе како член на семејството и како ученик<br>Препознавање и изразување на сопствените емоции<br>Организирање на слободното време | Моите јаки и слаби страни<br>Знаења, способности и потреби<br>Лични потенцијали<br>Сопствено мислење<br>Ставови, погледи и мисли<br>Постигања<br>Права и обврски како член на семејството и како ученик<br>Поддршка | • Работилници за градење на самодоверба.<br>• Разговор: Моите обврски во семејството.<br>• Разговор: Моите обврски како ученик.<br>• Цртеж: Јас во семејството.<br>• Цртеж: Јас во одделението.<br>• Изработување пано: Мојот дневен режим (со сите обврски во текот на денот).<br>• Работилница за градење на позитивна слика за себе во семејството и во одделението.<br>• Разговор: Кога сум среќен/а, тажен/а, лут/а, бесен/а и сл.<br>• Изразување на емоциите преку цртеж.<br>• Смајли човече кое означува одредени емоции.<br>• Работилница за препознавање и изразување на сопствените емоции.<br>• Разговор: Што сакам да правам во слободното |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ➢ да се оспособува да работи во група, да соработува со соучениците при извршување на училишните обврски;<br><br>➢ да се поттикнува да партиципира во процесот на донесување одлуки важни за училишниот живот;<br><br>➢ да се запознава со позитивни и негативни емоции (што го прави вознемирен/а, а што среќен/а);<br><br>➢ да се оспособува да ги препознава сопствените емоции и соодветно да умее да ги изрази на различни начини;<br><br>➢ да се поттикнува и да прифаќа дека и пријатните и непријатните емоции се дел од секојдневниот живот;<br><br>➢ да се запознае дека има право на слободно време во текот на денот, седмицата, годината;<br><br>➢ да се оспособува да идентификува различни начини на организирање на слободното време. | | Процес на донесување на одлуки важни за училишниот живот<br><br>Пријатни/непријатни емоции<br><br>Стратегии за справување со интензивни емоции<br>Слободно време | • Работилница - слободни активности според индивидуалните желби и способности. |

| Тема 2: ЈАС И ТИ - ИНТЕРПЕРСОНАЛНИ ОДНОСИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржина** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да се запознае дека меѓу луѓето постојат сличности и разлики во физичкиот изглед, во способносите и во потеклото, како и во потребите и интересите;<br>➢ да се оспособува да ги препознава сличностите и разликите кои постојат меѓу неа/него и другите во поглед на физичкиот изглед;<br>➢ да се поттикнува да го почитува туѓото мислење и да прифаќа дека потребите и интересите на другите се исто толку важни како и сопствените;<br>➢ да се поттикнува да прифаќа дека постоењето на сличности и разлики меѓу луѓето е позитивна придобивка;<br>➢ да се поттикнува и да прифаќа дека мисле-њето и уверувањето на другите треба да бидат уважени;<br>➢ да осознава што е тајна, кои тајни се „добри“ и треба да се чуваат, а кои тајни се „лоши“ и може да му наштетат некому<br>➢ да се оспособува да разликува добра од лоша тајна;<br>➢ да осознае дека чувањето тајни го јакне другарството, а издавањето на тајни го нарушува;<br>➢ да се оспособува да препознава што е вистина, а што е лага;<br>➢ да се запознава со негативните последици | Прифаќање сличности и разлики<br>Чување тајна<br>Кажување лаги/вистини<br>Справување со насилничко однесување<br>Комуницирање | Сличности и разлики<br>Потекло<br>Потреби и интереси<br>Позитивна придобивка<br>Тајна<br>Чување тајна<br>Лага/вистина<br>Последици од лажење<br>Доверба<br>Насилничко однесување<br>Исмејување<br>Навредување<br>Сочувствување<br>Вербална комуникација<br>Невербална комуникација | • Цртеж: Кој сум јас?<br>• Цртеж: Моето другарче (споредување на двата цртежа).<br>• Игра: Кое од другарчињата има црна коса...сини очи...кој сака фудбал...(се става во табела) и се споредуваат резултатите.<br>• Работилница: Правилно прифаќање на сличностите и разликите.<br>• Разговор: Што е тајна, дали имате тајна?<br>• Разговор: Кое е моето најдобро другарче и зошто?<br>• Работилница: Како се чува тајна?<br>• Разговор: Што е лага, а што е вистина (конкретен пример).<br>• Практични примери со илустрации<br>• Работилница: Кажување лага/вистина.<br>• Гледање документарен филм за насилничко однесување-разговор.<br>• Работилница: Справување со насилничко однесување.<br>• Разговор со полицаец за последиците од насилничко однесување.<br>• Практична вежба: Видови на комуникација.<br>• Демонстрација-мимики и гримаси, гестови, невербална комуникација<br>• Игра: Пантомима-актуелна тема.<br>• Работилница: Начини на комуницирање. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| вистина, а што е лага;<br>➢ да се запознава со негативните последици од лажењето и да согледува дека кажувањето лаги може да биде штетно за него/неа и за другите;<br>➢ да се запознае со постоењето различни видови насилничко однесување, нивно препознавање за начини на заштита;<br>➢ да осознае кои емоции настануваат кај жртвата на насилничко однесување;<br>➢ да се оспособува да реагира на исмејувањето и навредувањето упатено кон него/неа;<br>➢ да се поттикнува да сочувствува со жртвата на малтретирање да ги согледа негативните последици по жртвата на насилничко однесување;<br>➢ да се запознава со невербалните знаци на комуникација;<br>➢ да се поттикнува да ги научи правилата на активно слушање;<br>➢ да се оспособува да ги користи вербалните знаци и невербалните изрази кои имаат позитивно влијание врз односите со другите и да се воздржува од користење вербални и невербални изрази кои имаат негативно влијание врз другите;<br>➢ да осознае дека прво треба да разбере што сака другиот да каже, па потоа да реагира. | | | |

| ТЕМА 3: ЈАС И ЗДРАВЈЕТО - ЗДРАВО ЖИВЕЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да се запознае со видовите здрава храна и како влијае храната влијае на болести и превенција од болести;<br>➢ да се запознава како правилно да се консумира храна (да направи избор на разновидна храна);<br>➢ да се оспособува да подготвува едноставна храна и пијалаци;<br>➢ да осознава дека дел од болестите се предизвикани од несоодветна храна;<br>➢ да осознае дека недоволната, преобемната, неизбалансираната храна е штетна по здравјето;<br>➢ да знае што е лична хигиена и средства за одржување на личната хигиена;<br>➢ да ги осознае последиците од носење валкана облека и обувки по здравјето;<br>➢ да се поттикнува редовно да одржува лична хигиена, и како да ги одржува облеката и обувките;<br>➢ да се оспособува одржувањето на личната хигиена да ја прави самостојно;<br>➢ да се запознае со важноста за хигиена на домот и во училиштето;<br>➢ да се запознае со важноста од проветрува-њето на домот, проветрувањето на алиш-тата, постелнината и сл.; | Стекнување навики за здрава храна<br><br>Водење грижа за личната хигиена<br><br>Хигиена на домот и училницата | Здрава и балансирана исхрана<br><br>Едноставен балансиран оброк<br><br>Последици од несоодветна храна<br><br>Лична хигиена<br><br>Социјална прифатеност<br><br>Хигиена<br><br>Проветрување<br><br>Чистење<br><br>Средства за одржување хигиена во домот | • Разговор: Здрава храна/нездрава храна.<br>• Изработување пано: Здрава храна/нездрава храна (илустрации залепени на пано).<br>• Видеопрезентација: Последици од неправилна исхрана.<br>• Практична вежба: Приготвување чај, природен сок, какао и сл.<br>• Практична вежба: Сервирање прибор за јадење и храна.<br>• Сервирање и украсување на храната.<br>• Разговор и демонстрација: Каде и во какви услови се конзумира храната?<br>• Разговор и демонстрација: Прибор за лична хигиена.<br>• Цртање прибор за лична хигиена.<br>• Практична вежба - миење заби, лице и сл.<br>• Разговор и демонстрација: Како се одржуваат облеката и обувките?<br>• Практична вежба: Одржување облека и обувки.<br>• Разговор: Чист дом значи здравје.<br>• Практична вежба: Проветрување на простории, облека, постелнина и сл.<br>• Практична вежба: Бришење прашина и чистење на подот во училницата.<br>• Разговор: Што е болест, а што е здравје?<br>• Пано со прикази на здрав човек и на болен човек.<br>• Посета на амбуланта и разговор со лекар.<br>• Играње улоги: Посета на амбуланта. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ➢ да се запознае со начинот на одржување на хигиена во домот - чистење со правосмукал-ка, бришење прашина, како и со средствата за одржување хигиена во домот (и со опасноста од средствата за одржување на хигиена доколку неправилно се користат);<br>➢ да се запознава со опасностите од болести, со најчестите заболувања и начинот на заразување/пренесување;<br>➢ да осознава со кои средства и постапки може да се превенира појавата на болести (лична хигиена, хигиена на просторот, изолација, заштитни средства...);<br>➢ да се оспособува да ги препознава симптомите на одделни болести и да се поттикнува да побара помош кога ќе забележи симптом на одредена болест;<br>➢ да го прилагоди своето однесување да не се разболе и да прифаќа совети од возрасните за заштита од болести;<br>➢ да ги запознава телесните промени како резултат на сексуалното созревање и да ја прифаќа сексуалноста како природен дел од човечкиот развој;<br>➢ да се се оспособува да препознае сексуална злоупотреба;<br>➢ да се запознае од последиците од пушење и пиење алкохол;<br>➢ да се оспособи да се спротивстави на притисокот од другите за пушење и пиење на алкохол;<br>➢ да ја осознава штетноста од пушење и консумирање алкохол за здравјето. | Превенција од болести и заболувања<br><br>Развивање свест за сексуалното здравје<br><br>Превенција од пушење и пиење алкохол | Болести и заболувања<br><br>Заразни болести<br><br>Превенција<br><br>Витамини<br><br>Сексуално созревање<br><br>Последици од пушење и пиење алкохол | • Посета на аптека - играње улоги: Во аптека.<br>• Разговор и демонстрација: Како да се заштитиме од болести?<br>• Работилница: Во здраво тело, здрав дух. Како да се однесуваме за да бидеме здрави?<br>• Разговор: Разлики меѓу момчињата и девојчињата.<br>• Книга со илустрации: „Јас сум тинејџер“ - за момчиња и за девојчиња<br>• Видеопрезентација: Пушењето е штетно по сопственото здравје, но и за здравјето на другите.<br>• Видеопрезентација: Алкохолот е штетен за дравјето, а може и да убие.<br>Разговор на тема: Алкохолот е штетен за дравјето, а може и да убие<br>Интернет пребарувања на записи на тема: Штетните последици од консумирање алкохол и од пушење. |

| ТЕМА 4: ЈАС И ОКОЛИНАТА - ОДНОС СО НАДВОРЕШНАТА СРЕДИНА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>➢ да осознае за постоење опасни предмети, животни и растенија од околината што може да го повредат;<br>➢ да осознава за опасни постапки и ситуации со кои може да се соочи на одделни места и во одредено време;<br>➢ да се запознава со правилата на однесување на одредени ситуации и во одредени места;<br>➢ да се оспособува да ги осознае знаците на опасност и предупредување и да се однесува согласно инструкциите;<br>➢ да се оспособува да препознае растенија/животни/настани/луѓе кои се опасни по околината;<br>➢ да се поттикнува да почитува правила на однесување пропишани за конкретни ситуации;<br>➢ да се поттикнува да ја осознава потребата од постоење безбедносни правила и забрани и нивно почитување;<br>➢ да се поттикнува да осознае дека има потреба да го прилагодува своето однесување во одредени ситуации заради обезбедување лична безбедност и безбедност на другите;<br>➢ да се поттикнува да изгради позитивен однос кон растенијата и животните. | Безбедно однесување во средината<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>Градење позитивен однос кон растенијата и животните | Опасни предмети<br><br>Опасни постапки<br><br>Знаци на опасност<br><br>Правила на безбедно однесување<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>Растенија<br><br><br>Животни | • Разговор по илустрации - опасни постапки (сам дома) и ситуации (толпа) со кои може да се соочи на одделни места (стадион) и во одредено време (доцна навечер).<br>• Интернет пребарувања - Опасни постапки и ситуации со кои може да се соочи на одделни места и во одредено време.<br>• Глумење ситуации - Сам дома, на роденден, на екскурзија, во театар, во зоолошка градина и сл.<br>• Работилница: Што смеам да правам дома, а што никако не смеам.<br>• Изработување пано - Што смеам да правам надвор, а што никако не смеам.<br>• Работилница: Запознавање со правилата на однесување во одредени ситуации и на одредени места (на роденден, на екскурзија, на гости кај пријатели, во кино и сл.).<br>• Разгледување енциклопедии за растенија и за животни - разговор по илустрации.<br>• Цртање омилено животно и/или растение.<br>• Посета на зоолошка градина - разговор како да се однесуваме со животните.<br>• Еколошка акција во училишниот двор „Се грижиме за природата“. |

Напомени за начинот на планирање и реализација  на наставната програма

Во паралелките во посебните основни училишта и во посебните паралелки при редовните основни училишта составот на учениците е изразито хетероген. За учениците со посебни образовни потреби, согласно видот и степенот на попреченоста, треба да се практикува строго диференциран и индивидуализиран пристап во рамките на воспитно – образовниот процес. Ваквиот приод е во функција на нивните индивидуални специфични потреби, а, се очекува да резултира со развивање на индивидуалните потенцијали, и, секако максимални академски постигања.
Во тој контекст, наставниците кои реализираат настава со овие ученици треба:

- да се обидат при изготвувањето на планирањето  (доколку видот и степенот на попреченоста на учениците во паралелката го дозволува тоа) да планираат исти содржини, цели и активности  за целата паралелка;
- за учениците во паралелката чиј вид и степен на попреченост не дозволува наставниците да планираат исти содржини, цели и активности  за целата паралелка, тогаш за нив треба да планираат парцијална партиципација во рамките на содржините, целите и активностите кои ги реализира целата паралелка;
- доколку видот и степенот на попреченост е многу сериозен наставникот пристапува кон изготвување интерен индивидуален образовен план за тие ученици во рамките на адаптираните наставни програми (при изготвувањето на индивидуалниот образовен план наставникот може да користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години). Кога наставникот во индивидуалниот образовен план користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години, треба да ги наведе одделението, содржините, како и целта на нивното повторно обработување.

## 3. КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧЕНИЦИТЕ СО МУЛТИХЕНДИКЕП

Развојот на учениците со мултхендикеп ги следи законитостите на развојот карактеристични за севкупната популација. Нивните физиолошки, социјални и емоционални потреби се како и на останатите нивни врсници. Спецификите се во темпото на развој, кој најчесто е  забавен. Времетраењето и спецификите на секоја од развојните фази е специфична за секоученик. Карактеристичните „одлики“ на учениците со мултихендикеп имаат импликации во повеќе области.Имено, учениците со мултихендикеп имаат „сиромашна“ меморија, површно, лабилно и краткотрајно внимание ограничено логичко расудување, дефицитно сознание за себе и окружувањето, ограничени способности за дискриминација и исклучително редуцирана способност за имагинација и апстракција. Кај ученикот со мултихендикеп примарни пречки се сериозните пречки во психичкиот развој, но тие, исто така, може да имаат и редукција на слухот и/или видот и симптоми на аутизам. Повеќето од

нив се потполно зависни од околината,односно потребен им е постојан надзор. Заради успешно одговарање на сите овие специфични индивидуални потреби на учениците со мултихендикеп, како и заради специфичниот стил на учење, наставникот треба да планира различни типови наставни часови (часови за обработка на наставните содржини, часови за увежбување, за повторување и часови за проверување на нивото на усвоеност на наставните содржини). Пред да се започне со обработка на нова содржина, треба да се искористи предзнаењето на ученикот, односно да се појде од веќе познатото, како вовед во новите содржини. Бидејќи учениците имаат скромни искуства и предзнаења, наставникот пред да започне со обработката на новите наставни содржини треба да планира и да реализира набљудувања и/или посети со цел стекнување и проширување на нивните конкретни искуства и предзнаења. За да им овозможи на учениците постапно усвојување на содржините, новото градиво би требало да го изложува етапно. При објаснувањето на новите поими треба да планира доволно време и да користи повеќе и соодветни средства и помагала за успешно приближување на новиот поим на ученикот. Наставникот треба да користи конкретни предмети и/или нивни модели, внимателно избрани слики, цртежи, илустрации, филмови и сл. При усвојување на нов поим (доколку се усвојува со сите ученици) го запишува на училишната табла и/или на индивидуална плоча, картон или соодветно парче хартија (доколку новиот поим се однесува на конкретен ученик).Доколку е потребно наствникот користи синоними познати на ученикот. Дополнителните објаснувања треба да бидат концизни и прецизни. Наставникот не треба да воведува нови поими се додека претходните не се потполно усвоени. Доколку наставникот дозволи да се „натрупуваат" нови поими, вниманието на ученикот флуктуира и постепено губи интерес активно да партиципира на часот. Кај репродуктивното повторување во наставните содржини треба да се внесуваат одредени смислени промени. Тоа е интересно за учениците, бидејќи со промените се избегнува монотонијата, а е поефикасно за ученикот затоа што придонесува за потполно остварување на фукнкционалните цели на наставата. Токму тие промени создаваат дополнителни напори и проблеми за овие ученици. Тоа е етапа на усвојување на знаењата кога се оперира со факти, кога се работи на генерализации, за апстракции и разбирање на поставените задачи. Тоа од учениците бара нивно активно творечко решавање, прикажување на постигнатите резултати, а за сето тоа е потребен развиен говор и добри аудитивни способности (компетенции кои овие ученици или не ги поседуваат или се на незадоволително ниво).

Развојот на говорот и слушањето е перманентен процес кој трае во сите етапи од основното образование. За да можат учениците да ги развиваат творечките способности, треба да ги разбираат наставните содржини. Заради тешкотиите во разбирањето на многу изрази,факти, апстракции и генерализации, треба да се организираат и говорни и слушни вежби. Во случаите со слаби говорни способности тешко може да се постигне учениците самостојно да произнесуваат преструктуирани содржини.Заради тоа, овие ученици во фронталниот начин на работа тешко можат да ги изразат сопствените вистински и потенцијални интелектуални творечки способности, како што се досетливоста, проникливоста, оригиналноста и неконвенционалноста. При усното проверување на нивото на постигањата, наставникот треба да поставува приилагодени, соодветни, јасни, разбирливи прашања-задачи, по потреба да се користи со дополнителни прашања, особено кога сака да ги провери способностите на мислењето на ученикот и евентуално формализмот во неговото знаење. Во таквиот начин на проверување субјективниот фактор наставник може да има голема улога и во постигањето на адекватниот однос кон

ученикот и во создавање пријатна клима (со стрпливост и разбирање), како и при вреднувањето на нивото на постигањата на ученикот. Писменото проверување овозможува проверка на познавањето на содржината, способноста за мислење и писмено изразување. За да биде сигурен дека ученикот правилно го разбира усмениот налог, истиот го запишува на училишната табла, наствното ливче и сл. Заради збогатување на речникот, секојдневно треба да се води слободен разговор иницирaн од конкретни случувања или импровизирани ситуации. При реализирањето на воспитно -образовниот процес со учениците со мултихендикеп  треба да се оперира со богато илустраиран материјал. Добро избраната слика, цртеж, илустрација кај ученикот може да го обезбеди она што сакаме ученикот интелектуално да го сфати, логички да го обработи и притоа да сака да се изрази употребувајќи говор. Развојот и учењето на учениците со мултихендикеп и со оштетен вид се одвива според истите законитости на развојот како и кај учениците што гледаат, но,  постојат разлики и варијации кои се однесуваат главно на брзината и темпото на нивниот развој. Темпото на стекнување на одредени вештини и знаења кај нив е побавен,а варирањето во брзината на развојот е поголема отколку кај учениците кои имаат вид. Воопшто, кај слепите лица (јои имаат и пречки во психичкиот развој) е потребно постојано зборување, усно обраќање, објаснување, разговор, проверка на разбраното по пат на прашања. Учениците со мултихендикеп со симптоми на аутизам манифестираат доцнења во развојот на говорот и јазикот. Кај нив поголеми се предизвиците на полето на социјалната комуникација и интеракција. Тие, исто така, може да имаат проблеми со започнување и/или спонтано одвивање на конверзацијата. Многу често, учениците со аутизам обраќањето на наставникот го разбираат како тој да им се обраќа на другите, а не токму нему/нејзе.

Тие може да реагираат и/или да одговараат на одредени информации и налози на многу невообичаени, несоодветни, специфични и уникатни начини.Карактеристично за некои од нив е дека без некоја причина во одредени ситуации реагираат агресивно и автоагресивно што може да резултира со сериозни повредувања.

Карактеристика за нив е што тие многу често инсистираат на едноличност, монотоност и стереотипност во однесувањето и окружувањето. Многу често пружаат отпор на воведувањето на евентуални промени од кава било природа. Учениците се соочуваат со тешкотии во искажувањето на сопствените потреби, желби, намери и сл. Специфика на нивното однесување, исто така,  претставува постојано повторување на одредени зборови и фрази (ехолалија), како и повторување на идредени движење (ехопраксија).

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАК

**- Препораки за користење на годишниот фонд на часови**

Препораките за годишниот фонд на часовите се дадени како ориентација заедно со конкретните цели и теми/содржини, што секако не треба да го ограничува нивното прераспределување, според потребите при реализацијата. Поинакво користење на часовите треба да го проценува предметниот наставник според достигањата на неговите ученици, т.е. според промените во квалитетот на знаењата и резултатите кои тие ги постигаат.

**- Наставни средства:**

- извори на учење во непосредната околина – предмети и објекти во природата;
- енциклопедии, атласи, карти, глобус  и сл.;
- лабораториски прибор, лупа, линијар, вага, компас, микроскоп;
- Интернет, образовни софтвери;
- светски признати списанија од областа на природните науки;
- визуелни средства (слики, цртежи, апликации, фолии, паноа, модели, макети и др.);
- аудио-визуелни средства (графоскоп, дигитален фотоапарат, дигитална камера, телевизор, ДВД, видеоплеер,  компјутер, ЛЦД и др.).

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа (формативно оценување). Учениците за оваа програма не се оценуваат со оценки.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата по наставниот предмет ќе се реализира во просторни услови и услови на опременост според општиот норматив за опременоста за реализирање на наставните програми во деветгодишното основно образование.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно -  образовната работа во шесто одделение може да ја изведува лице кое завршило:
-филозофски факултет - Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
-дефектолошки факултет, дипломиран дефектолог.

Изготвил: работна група,
координатор Марија Симонова, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје
Контролирал:  м-р Митко Чешларов, раководител на сектор во Бирото за развој на образованието – Скопје
Одобрил: м-р Весна Хорватовиќ, директор на Бирото за развој на образованието - Скопје

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по **животни вештини** за шесто одделение на деветгодишното основно образование за учениците со мултихендикеп, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

на ден ------------------------------------------

Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-3961/1
19 02 20 13 год.
СКОПЈЕ

Министер,

Спиро Ристовски